**ОПШТИ УСЛОВИ НА ПРОГРАМАТА „Отклучи 1000 искуства “**

Во рамките на програмата „**Отклучи 1000 искуства**“ организираме доделување бенефити за сите учесници во активацијата доколку нивното ангажирање заврши со купување на еден од IQOS ILUMA i уредите.

Општите услови на програмата „**Отклучи 1000 искуства**“ важат за сите полнолетни корисници на никотински производи кои за првпат се регистрираат како корисници на производи од IQOS портфолиото. Регистрацијата на нови корисници се врши според утврдените правила на Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп Д.О.О. Скопје (во понатамошниот текст: ФМТКП) процедурата за регистрација.

ФМТКП има право да ги суспендира, прекине или измени Општите услови на активацијата „**Отклучи 1000 искуства**“ во рамките на која се собираат контакти заинтересирани за купување на производи од IQOS портфолиото во секое време и од било која причина. Бенефитот стекнат согласно Општите услови до моментот на измена, суспензија или прекин ќе биде уважен.

**Право на учество во програмата**

Право на учество има секој полнолетен корисник на никотински производи кој за првпат се регистрира како корисник на производи од IQOS портфолиото.

**Правила на програмата**

- Програмата „**Отклучи 1000 искуства**“ започнува од 01.10.2025. година и трае до 12.11.2025. година или до трошење на залихите.
- Секој полнолетен корисник на никотински производи кој е заинтересиран за купување на ILUMA i уред, добива IQOS код кој овозможува купување на уредот по специјална понуда.
- Начинот на доделување на IQOS кодот зависи од каналот, односно местото на комуникација со корисникот. IQOS кодот може да се добие преку следниве канали: IQOS претставник, продажно лице во локации кои се дел од програмата, како и преку официјалната веб-страница https://iqos.mk.
- IQOS кодот може да се искористи на сите продажни канали каде што е овозможена примена на кодови за специјална понуда.
- По купувањето на IQOS ILUMA i уредот, учесникот, односно новорегистрираниот корисник, добива комуникација со линк до својот IQOS клуб профил.

- Корисникот пристапува до IQOS клуб профилот со внесување на своите лични податоци (телефонски број со кој се регистрирал при купување на својот прв IQOS уред и ОТП лозинка која ја добива по пат на СМС) на пристапната страница.
- На IQOS клуб страницата корисникот избира една од повеќе достапни награди.
- По изборот на бенефитот, истиот се наоѓа на страницата "Искористи", категорија „Твои Награди" во рамките на неговиот IQOS Club профил.
- Ваучерите се доделуваат по редоследот на пријавување, сè до исцрпување на залихите.

## Бенефити

Бенефитите во програмата „**Откриј 1000 искуства**" се:

| Бенефит | Број на ваучери | Еден ваучер важи за: |
|---|---|---|
| Релакс масажа во Harmony of Beauty во Скопје | 30 | 1 |
| Рекреативен тренинг со воздушна пушка или пиштол по избор за 2 лица | 20 | 2 |
| Возење картинг во Скај Карт, Скопје | 30 | 2 |
| Полу-приватен час реформер пилатес во Body & Beyond, Скопје | 30 | 1 |
| Час по јавање во коњички клуб во Скопје | 10 | 1 |
| Џин тура во дестилерија MCM Craft Distillery, Скопје | 40 | 1 |
| Индивидуален час по танц во Танцов Клуб Дезире, Скопје | 20 | 1 |
| Индивидуален час за скијање на Попова Шапка | 10 | 1 |
| Обука и гаѓање на стрелиште во Охрид | 20 | 1 |
| Час по голф во Golf Club, Охрид | 20 | 1 |
| Месечна фитнес членарина во Viola Beauty Centar, Битола | 20 | 1 |
| Третман за убавина во Viola Beauty Centar, Битола | 20 | 1 |
| Влезници за музеј на олдтајмери, Неготино | 20 | 2 |
| Дегустација на вина во винарија Поетика, Кавадарци | 20 | 1 |
| Релакс масажа во „Физио Центар Н.А", Куманово. | 20 | 1 |
| Јавање на коњи низ Осоговските планини со КК Golden Hoof | 20 | 2 |
| Amigos Mexican Restaurant & Bar - Ваучер од 1200 МКД | 110 | 1+ |
| Cineplexx - Ваучер од 1000 МКД | 80 | 1+ |
| Gley - македонска стриминг платформа (претплата за 90 дена) | 80 | 1 |
| VR клуб - уникатно искуство со виртуелна реалност во Планет ВР, Скопје | 70 | 2 |
| SPA Park - избор помеѓу различни типови масажи, третмани и спа услуги. | 80 | 1 |
| Velvet Beauty, Скопје | 60 | 1 |
| Ваучер за IQOS додаток по твој избор | 120 | 1 |
| IQOS Iluma i Seletti уред - Лимитирана едиција | 30 | 1 |
| Taksirat Festival - Влезници за фестивал | 20 | 2 |

* Наградите што вклучуваат трети лица може да се доделат само доколку тие лица се полнолетни.

**Правила за добивање бенефит:**

- Ваучерите се доделуваат по редоследот на пријавување, сè до исцрпување на залихите.
- Може да се одбере само една награда.
- Одбраната награда, неможе да се замени за друга.
- Наградите се лични и не можат да се пренесат на друго лице.
- Наградите што вклучуваат трети лица може да се доделат само доколку тие лица се полнолетни.
- Ако се утврди неправилност или злоупотреба, учесникот нема да добие награда.
- Наградите ќе бидат достапни до истекот на залихите или најдоцна до 12.11.2025.
- Валидноста на ваучерите е различна и е наведена во нивниот опис.

Со освојување на награда, корисникот ги прифаќа општите услови и дава согласност да биде контактиран од ФМТКП, како и да ги сподели своите податоци за потребите на даночни обврски што ги презема ФМТКП.

**Разно**

ФМТКП го задржува правото да го истражи учеството во програмата за откривање на злоупотреби и да преземе мерки за нивно спречување или отстранување, вклучително и целосна или делумна суспензија на програмата. Бенефитот стекнат со злоупотреба нема да биде испорачан.

ФМТКП го задржува правото да ги контактира сите учесници што ќе освојат награда и да побара дополнителни податоци за даночни цели. Учесниците што ќе одбијат да ги доставаат податоците нема да можат да го искористат бенефитот.

Учеството е забрането за лица кои учествувале во развојот на програмата, како и лица кои се поврзани со тие лица, како и за вработените во компанијата ФМТКП.

На овие Општи услови се применуваат законите на Република Северна Македонија. Во случај на каков било спор, надлежност ќе има Основниот граѓански суд во Скопје.

„**Откриј 1000 искуства**“ програмата ја организира компанијата Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп Д.О.О. Скопје, ул. Максим Горки бр. 13 – 1000, Скопје.